**20231532745**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, на седница одржана на 18 јули 2023 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА НОМОТЕХНИЧКИ ПРАВИЛА ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат номотехничките правила за подготвување на законите (во натамошниот текст: „правила“), методолошките принципи и единствената техника за начинот на подготвување на законите.

Член 2

(1) Правилата се применуваат од овластените предлагачи на законите.

(2) Правилата за подготовка на законите на соодветен начин се применуваат и за подготовка на другите прописи и општи акти што ги донесува Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието).

(3) Правилата соодветно може да ги применуваат и другите органи на државната власт, органите на државната управа, како и органите на единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на прописите или други акти од нивна надлежност.

## II. СТРУКТУРА НА ЗАКОН

Член 3

(1) Законот ја има следнава структура:

1. наслов на закон;
2. воведен дел;
3. главен  дел;
4. казнени и/или прекршочни одредби и
5. завршен дел.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, законот може како составен дел да има и посебни одредби, кои се уредуваат пред завршниот дел на законот.

### 1. Наслов на законот

Член 4

(1) Насловот на законот е краток и концизен,  го изразува предметот на уредување, со што се идентификува содржината на законот.

(2) Насловот на законот по правило не содржи кратенки и/или интерпункциски знаци.

(3) Во законот кој уредува повеќе области, во насловот се наведува содржината што е најбитна за законот.

(4) Насловот на Законот кој се усогласува со правото на Европската Унија, содржи ознака (*), а во фуснота на крајот од првата страна се внесува насловот на правниот акт (регулатива, директива или одлука) со кој се усогласува законот и се наведува CELEX бројот на европскиот акт.

## 2. Воведен дел

Член 5

(1) Воведниот дел на законот е составен од општи одредби кои уредуваат прашања што се однесуваат на целокупниот текст на законот и тоа:

1. предмет на уредување на законот;
2. примена на законот;
3. скратување на имиња и поими и/или
4. дефинирање на изразите и поимите кои се употребуваат во законот.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член, во пообемните и посложените закони, воведниот дел содржи и основни одредби што уредуваат прашања кои се од начелно значење за целокупниот текст на законот.

**Предмет на уредување**

Член 6

Предметот на уредување на законот се изразува концизно и кратко во првиот член од законот и ја изразува суштината на основниот предмет на уредување, без наведување на сите прашања што се уредуваат со законот.

**Примена**

Член 7

(1) Односот на законот со другите закони и останати правни акти се определува во воведниот дел, како:

1. супсидиерна примена на закон, односно на кого и што се однесува;
2. соодветна примена на друг закон;
3. применување друг закон врз одделни одредби од законот или
4. изземање на одредени прашања од примената на законот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во одредени случаи наведувањето на примената на друг закон може да се определи и во главниот дел од законот.

**Скратување на имиња и поими**

Член 8

(1) Скратување на имиња и поими се врши заради изедначена и концизна формулација на име или поим кое се повторува повеќе пати во законот.

(2) Имињата или поимите се скратуваат при нивното прво употребување во текстот и се користат низ целиот текст на законот.

(3) Име или поим се крати на начин што по првото негово употребување во законот се отвора заграда и се запишува кратенката (на пр. Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието).

**Дефинирање на израз и поим**

Член 9

(1) Дефинирањето на изразите и поимите е јасно и недвосмислено одредување на нивното значење во смисла на законот.

(2) Дефинираните изрази и поими се користат во целиот текст на законот. Доколку изразот или поимот се веќе дефинирани со исто значење и во друг закон, се прифаќа и уредува дефиниција со иста содржина.

(3) Сите дефинирани изрази и поими се уредуваат во еден член на крајот од општите одредби. Секој израз или поим се определува во посебна точка, означена со арапски број во заграда, која почнува со мала почетна буква, освен во случај на сопствена именка. Изразот и поимот се наведуваат во наводници (на пр: 1) „семејство“ е......“).

(4) По исклучок на ставовите (1) и (2) на овој член, не е потребно дефинирање на институции, институти, поими што претставуваат правни стандарди како што се: суд, тужба, решение и сл.).

(5) Доколку треба да се смени општото прифатено значење на израз или поим, се дефинира значењето на изразот или поимот во смисла на тој закон и се користи низ целиот текст на законот.

(6) Доколку во законот се внесува нов израз или поим кој претходно не бил уреден, тој мора да биде јасно дефиниран, како по содржина, така и по опфат.

Член 10

При подготовка на закон се користат родово неутрални изрази и поими, зборовите кои се употребени во машки или во женски род се однесуваат на сите лица, без разлика на родот, освен кога тоа го налага содржината на текстот на законот.

**Цели и начела**

Член 11

(1) Во воведниот дел на законот може да се дефинираат цели и начела со кои се одразуваат основните вредности и правила во областа којашто се уредува со законот.

(2) Целите и начелата се предмет на уредување на пообемните и посложените закони и законите кои се усогласуваат со правото на Европската Унија.

**3. Главен дел**

Член 12

(1) Главниот дел на законот содржи одредби кои ги уредуваат правните односи, што се предмет на уредување на законот.

(2) Главниот дел преставува една целина, поделена во делови, глави, оддели и отсеци, во зависност од обемот и предметот на уредување на законот.

Член 13

(1) Главниот дел на законот содржи одредби за:

1. права, обврски и надлежности;
2. определување на исклучоци и
3. овластување за донесување на подзаконски акти.

(2) Уредувањето на прашањата од ставот (1) на овој член, се врши по следниов редослед:

1. материјални одредби (уредување на права и обврски, забрани, овластувања и надлежности, меѓусебни односи меѓу правните и физичките лица);
2. процедурални одредби (уредување на условите, критериумите и постапката на остварување на правата и исполнувањето на обврските, утврдување на законски основи за донесување на подзаконски акти);
3. организациски одредби (основање на соодветни органи и нивните надлежности и овластувања);
4. одредби за контрола (надзор над спроведување на законитоста, управен надзор (управна постапка), инспекциски надзор и посебни инспекциски овластувања кои не се уредени со законот, со кој се уредува спроведувањето на инспекцискиот надзор) и
5. други одредби во зависност од природата на односите што треба да се уредат.

**Права, обврски и надлежности**

Член 14

(1) Со законот се уредуваат права, обврски и надлежности за правните и физичките лица, услови, основни критериуми, постапки за остварување на права и обврски, како и утврдување на рокови.

(2) Уредувањето на задолжителното однесување се изразува на императивен начин.

**Определување на исклучоци**

Член 15

(1) Определување на исклучоците во законот претставува специфично уредување на одредени прашања кои поради наведени причини претставуваат исклучок од општото правило.

(2) Определување на исклучоците вклучува прецизно повикување на одредбата во однос на која е направен исклучокот.

(3) Одредбата која го уредува исклучокот се систематизира веднаш под одредбата која го уредува правилото.

**Овластување за донесување на подзаконски акти**

Член 16

(1) Овластувањата на органите на државната власт, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и други институции, за донесување на подзаконски акти, претставува законски основ за прашања што треба да се пропишат со подзаконскиот акт.

(2) Подзаконските акти се донесуваат поради пропишување на прашања кои се од:

1. техничка природа (стандарди, формули, графикони и сл.);
2. организациона природа (форма и содржината на обрасци) и
3. процедурална природа (начин за остварување на одредени права и обврски кои се утврдени со законот, водење евиденција, регистри и сл.).

(3) Овластувањето за донесување на подзаконски акт се утврдува во посебен, последен став од членот.

(4) Доколку е потребно повеќе овластувања да се утврдат во повеќе членови во еден дел или глава, тие можат да се групираат и да се уредат со посебен член, кој би упатувал на членовите со кои се уредува соодветната област за која е потребно донесување на подзаконски акт.

(5) Со законот не се дава овластување за донесување на подзаконски акт со кој треба да се пропишат права, обврски, надлежности, утврдување на услови и критериуми за вршење на одредена дејност, уредување на рокови и надоместоци.

## 4. Казнени и прекршочни одредби

Член 17

(1) Казнените одредби се наоѓаат по одредбите со кои се уредени права, обврски и надлежности.

(2) Кривични дела и кривични санкции се уредуваат со Кривичниот законик, а само по исклучок можат да се уредат со друг закон, доколку тоа кривично дело не е опфатено со Кривичниот законик.

(3) Доколку субјектите за коишто е предвидено кривично дело се и правни и физички лица, одредбите за кривичната одговорност на правните лица се систематизираат пред одредбите за одговорноста на физичките лица.

Член 18

(1) Прекршочните одредби се групираат во еден член или повеќе членови, пред преодните и завршните одредби, на јасен и недвосмислен начин, со точно упатување на член/став/точка/потточка/алинеја од главниот дел од законот каде се уредени обврски, наредби или забрани за субјектите на кои се однесуваат.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, прекршочните одредби можат да се уредуваат и како последен став во одделни членови од главниот дел на законот, кои уредуваат или забрануваат одредено однесување (обврски, наредби или забрани) за субјектите на кои се однесуваат.

(3) Прекршоците за кои се изречени построги прекршочни санкции се систематизирани пред прекршоците за кои се пропишани поблаги прекршочни санкции.

(4) Доколку субјектите за коишто е предвидена прекршочна санкција со закон се и правни и физички лица, одредбите за прекршочна одговорност на правните лица се систематизираат пред одредбите за прекршочна одговорност на физичките лица.

**5. Завршен дел**

Член 19

(1) Завршниот дел на законот може да содржи преодни одредби, а задолжително содржи завршни одредби.

(2) Во пообемните и посложените закони, кои содржат повеќе структурни делови, преодните и завршните одредби се структурирани во посебна глава, каде прво се уредени преодните, а потоа завршните одредби.

**Преодни одредби**

Член 20

(1) Преодните одредби го уредуваат преодниот период меѓу новиот закон (новите норми) и законот што престанува да важи, односно периодот кога новото законско уредување делумно или во целост го заменува старото.

(2) Со преодните одредби се определува кој закон ќе се применува за завршување на започнатите постапки.

(3) Во преодните одредби се уредуваат условите и обемот во кој ќе се остваруваат определени стекнати права на граѓаните од денот на влегувањето во сила или започнувањето на примена на новиот закон.

(4) Кога со законот се утврдуваат нови услови за вршење на одредени работи или задачи, со преодните одредби се определува рок до кој субјектите на кои се однесуваат утврдените барања треба да ги исполнат или да ги усогласат своите активности.

(5) Кога со законот се основа нов орган, тело или друго правно лице, во преодните одредби се предвидува рок за:

1. основање на органот, телото или правното лице;

2. преземање на активности и задачи за започнување со работа на органот, телото или правното лице и

3. донесување на акти потребни за започнување со работа на органот, телото или правното лице, освен ако законот не предвидува дека некои од овие прашања ќе бидат уредени со друг закон, при што се упатува на примена на другиот закон.

(6) Кога со законот се основа друг орган, друго тело или правно лице наместо постоечко, со преодните одредби се предвидува:

1. рок за основање на новиот орган, тело или правно лице;

2. рок за преземање на правата, обврските, средствата, вработените, документацијата, досиејата, регистрите, архивите и сл.;

3. престанување со работа на органот, телото или правното лице кое претходно ги имало правата и обврските;

4. рок за завршување на започнатите постапки, започнатите работи итн.;

5. рок за новите субјекти да ги донесат основните документи и акти за нивно функционирање и

6. рок за престанок или продолжување на мандатот на избраните или именуваните лица, носители на јавни функции.

(7) Кога со законот се уредува издавање на нови дозволи, лиценци, овластувања и слични документи, со преодните одредби се уредува правниот статус на постојните документи издадени со законот што престанува да важи.

(8) Доколку со законот е предвидено донесување на подзаконски акти, со преодните одредби се пропишува рок за нивно донесување, а се уредува и натамошната примена на подзаконските акти донесени врз основа на законот што престанува да важи, до рокот на донесување на новите.

**Престанок на важење на закон**

Член 21

(1) Закон може да престане да важи:

1. со нов закон со кој на друг начин се уредуваат исти прашања;

2. со посебен закон за престанување на важење на законот или

3. со истекот на времето за кое е донесен.

(2) Престанувањето на важењето на закон може да биде целосно или делумно на одделни делови или одредби од законот.

(3) Престанување на важење на закон се уредува во последниот член од преодните одредби, со наведување на целиот наслов на законот и броевите на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија/Република Северна Македонија“.

(4) Кога целиот текст на законот или одредени одредби се усогласуваат со Регулатива на Европската Унија[1], во преодните одредби се пропишува дека целиот текст на законот или усогласените одредби престануваат да важат со пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

(5) Престанокот на важењето на законот се утврдува со:

1. наведување на започнувањето на примената на новиот закон;

2. употреба на временски единици (денови, месеци или година) или

3. остварување на некој настан или правно дејство.

**Завршни одредби**

Член 22

(1) Со завршните одредби на законот се уредуваат денот и датумот на влегувањето во сила, започнувањето на примената и објавувањето на законот во „Службен весник на Република Северна Македонија“ .

(2) Доколку со законот се предвидува одредени одредби да започнат со примена по денот на влегувањето во сила на законот, прецизно се наведуваат одредбите и датумот на нивната примена.

(3) Завршните одредби на законот се систематизираат како последна/и одредба/и на законот.

[1] Регулативите претставуваат секундарно законодавство на Европската Унија и истите имаат директна примена во земјите-членки на Европската Унија. Во случајот на Република Северна Македонија, која е во претпристапно членство, регулативите треба да се транспонираат во националниот правен систем и истите ќе важат се до полноправното членство во Европската Унија.

Член 23

(1) Закон и одредби од законот можат да имаат одложна примена во случај кога станува збор за:

1. прашања коишто за првпат се уредуваат со закон;
2. обемни измени и нови решенија кои ќе ги предизвика законот;
3. основање на нови институции, тела и сл.;
4. донесување на повеќе и пообемни подзаконски акти и
5. кога е потребен подолг период од објавувањето до влегувањето во сила на законот заради запознавање со содржината на законот.

(2) Започнувањето на примената на законот се уредува со конкретно определување на денот, месецот и годината на започнување на примената на законот или се наведува настан или правно дејство од чие настанување зависи започнувањето на примената на законот.

**6. Повратно дејство**

Член 24

(1) Повратното дејство на одредби од законот се уредува во преодните одредби од законот.

(2) Повратното дејство на целиот закон се уредува во завршните одредби од законот.

III. ВНАТРЕШНА ПОДЕЛБА НА СОДРЖИНАТА НА ЗАКОНОТ

Член 25

(1) Одредбите на законот се групираат во меѓусебно усогласени и логички поврзани целини кои ја сочинуваат внатрешната структура на законот. Внатрешната поделба на содржината на законот зависи од обемот, содржината и сложеноста на прашањата што се уредуваат со законот.

(2) Внатрешната поделба на содржината на законот може да ги содржи следниве структурни единици:

1. делови;
2. глави;
3. оддели и/или
4. отсеци.

(3) Закон содржи најмалку два члена.

(4) Во законите со помалку од 15 членови не е потребно поврзување на членовите во повисоки внатрешни структурни единици (делови, глави и сл.).

**1. Дел**

Член 26

(1) Делот е најголемата структурна единица на законот, со кој се опфаќа една тематска целина.

(2) Делот може да биде составен од повеќе пониски структурни единици (глави, оддели и отсеци).

(3) Законот има најмалку два дела.

(4) Секој дел се означува последователно со реден број кој се запишува со збор со големи букви (на пр: „ПРВ ДЕЛ“).

**2. Глава**

Член 27

(1) Глава е помала структурна единица на делот, која опфаќа потесно поле на уредување во одреден дел.

(2) Делот има најмалку две глави.

(3) Главите се означуваат со последователна нумерација, со римски број (на пр: „Глава I“), под која со големи букви, се пишува насловот на главата.

**3. Оддел**

Член 28

(1) Секоја глава може да се подели на најмалку два оддели, од кои секој опфаќа групирање на одреден број на членови, кои сочинуваат содржински - логична целина.

(2) Одделот се означува со последователна нумерација, со арапски број (на пр: „Оддел 1“), под кој со големи букви, се пишува насловот на одделот. Насловот е краток и одговара на содржина на одредбите кои ги опфаќа.

**4. Отсек**

Член 29

(1) Одделот може да се подели на најмалку два отсеци.

(2) Отсекот претставува најмала структурна единица во која може да се групираат повеќе членови согласно со содржината.

(3) Отсекот се означува со последователна нумерација, со арапски броеви (на пр: „Отсек 1“), под кој со големи букви, се пишува насловот на отсекот. Насловот е краток и одговара на содржината на одредбите кои ги опфаќа.

IV. ЧЛЕН И ВНАТРЕШНА СТРУКТУРА НА ЧЛЕН

Член 30

(1) Членот е најмалиот дел на законот.

(2) Членовите може да се групираат во отсеци, оддели, глави и/или делови.

(3) Членот се означува со зборот „Член“, со голема почетна буква, проследена со последователно означување со арапски броеви (на пр: „Член 1“).

(4) Членот може да има наслов. Насловот се пишува над бројот на членот, тој е краток и одговара на содржината на членот.

Член 31

(1) Членот се состои од една или повеќе мисли кои претставуваат една логичка целина, изразени во реченици, кои завршуваат со точка.

(2) Членот е составен од ставови, ставовите од точки, точките од потточки, а по исклучок и потточките можат да се состојат од алинеи.

(3) Членот има најмалку еден став.

(4) Членот може да има повеќе ставови, меѓусебно зависни и поврзани.

**Став**

Член 32

(1) Ставот е структурна единица на членот, кој се состои од една или повеќе реченици.

(2) Ставот се нумерира со редни арапски броеви, ставени во заграда „(1)“.

(3) Кога членот има еден став, ставот не се нумерира.

**Точки**

Член 33

(1) Точките се составен дел на ставот.

(2) Ставот содржи најмалку две точки.

(3) Со точките се врши таксативно или кумулативно набројување на повеќе услови, причини или различни состојби.

(4) Кај кумулативното набројување на претпоследната точка се додава сврзникот „и“, а кај таксативно набројување се додава сврзникот „или“.

(5) Точките се означуваат со редоследни арапски броеви, кои завршуваат со точка од едната страна (на пр: 1., 2.).

**Потточки**

Член 34

(1) Потточките се составен дел на точката.

(2) Точката содржи најмалку две потточки.

(3) Потточките се означуваат со редоследни арапски броеви кои завршуваат со точка, следејќи го бројот на точката (на пр: 1.1., 1.2.).

**Алинеи**

Член 35

(1) Алинеите се составен дел на потточката.

(2) Потточката содржи најмногу три алинеи.

(3) Обележувањето на алинеите е со цртичка/тире.

## V. НАЧИН И ПРАВИЛА ЗА ПИШУВАЊЕ НА ЗАКОН

### 1. Стил, терминологија и употреба на странски изрази и зборови

Член 36

(1) Законите се пишуваат на јасен и разбирлив јазик и на начин кој исклучува секаква двосмисленост на зборовите и изразите кои се употребени во законот.

(2) Текстот на законот се пишува со кратки реченици, без користење на зборови заради дообјаснување на текстот и без користење на синоними.

(3) Терминологијата мора да биде јасна и прецизна (недвосмислена), доследна со користење на вообичаеното значење на правните и стручни изрази.

(4) Законите имаат нумерација на страниците.

Член 37

(1) Во законот се користи единствена терминологија, односно изрази и поими со веќе утврдено значење.

(2) Во законот не се користат различни изрази за ист поим.

Член 38

(1) Странски изрази се користат само доколку не постојат домашни зборови кои би одговарале на значењето и содржината на странскиот израз.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член, странски изрази може да се користат и доколку постојат домашни зборови со исто значење, заради подобро објаснување на поимот, со наведување во заграда по домашниот збор со истото значење.

## 2. Употреба на интерпункциски знаци, сврзници, броеви и кратенки

Член 39

(1) Интерпункциските знаци се користат во согласност со правописните правила.

(2) При поделба на член или став на точки, потточки и/или алинеи, текстот на точката и потточката завршува со интерпункцискиот знак точка запирка, а алинејата завршува со интерпункцискиот знак запирка.

(3) При набројување, на крајот од претпоследната точка, потточка, алинеја, после сврзникот не се употребува запирка или точка и запирка.

(4) Броевите од еден до девет кои се употребуваат во текстот на законот се пишуваат со зборови, а поголемите броеви со броеви.

(5) Датумите, паричните износи, проценти, единици на мерка, и сл. се пишуваат со броеви.

(6) При определувањето на влегувањето во сила на законот или одложена примена на законот, деновите, месеците или годините, кои не се конкретен датум, се пишуваат со збор.

(7) Паричните износи во законот се пишуваат со цифри со додавање на зборот „денари“. Доколку паричниот износ е наведен во евра, вредноста се запишува во цифри, а потоа се додаваат зборовите: „во денарска противвредност“ (на пр: „100 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија“).

(8) При пишувањето на датуми во закон, месецот не се нумерира ниту со римски ниту со арапски број, туку секогаш се пишува со зборови, а годината се пишува со четири броеви.

Член 40

(1) Во законот не се употребуваат кратенки.

(2) Во законот може да се употребуваат кратенки кои се со вообичаено и општо познато значење (пр: сл., пр., др., итн.).

(3) Не се употребуваат скратеници на името на државата и називите на државните органи и институции.

## 3. Повикување

Член 41

(1) Повикувањето во законот на одредби од истиот закон се врши со наведување на бројот на членот или ставот (на пр: „член 1 од овој закон“ или „став (1) на овој член“) на кој се упатува во конкретната одредба.

(2) Во законот не се упатува на одредба која и самата упатува на друга одредба.

(3) Во законот не се врши повикување на конкретен член од друг пропис.

(4) При повикување на конкретен закон или друг пропис описно се наведува областа која ја уредува законот или прописот.

## 4. Правопис во законите

Член 42

(1) Во законите се применува генеричка употреба на именки од машкиот род со воопштено значење и примена и врз женскиот и средниот род. Само по исклучок се користи женски и среден род доколку тоа произлегува од содржината на законот.

(2) Именките во законите по правило се пишуваат во еднина, освен ако употребата на множина е неизбежна.

(3) Глаголите во законите по правило се користат во сегашно време и во активна форма. Глаголите се користат и во идно време, кога со нив се утврдуваат прекршоците и започнувањето на примената на одредбите од законот.

## VI. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОН

### 1. Општи правила

Член 43

(1) Изменување и дополнување на закон се врши само со закон.

(2) Секој член се менува, дополнува и се брише со посебен член.

(3) Насловот на законот кој се изменува или дополнува мора да ја отсликува неговата содржина и тоа доколку:

1. законот само се изменува, тогаш насловот ќе гласи: „Закон за изменување на Законот за“;

2. законот само се дополнува, тогаш насловот ќе гласи: „Закон за дополнување на Законот за“;

3. во законот се врши и изменување и дополнување на одредбите, тогаш насловот ќе гласи: „Закон за изменување и дополнување на Законот за“ и

4. законот престанува да важи, тогаш насловот ќе гласи: „Закон за престанување на важењето на Законот за“.

(4) Изменувањето и дополнувањето се врши на основниот текст на законот со сите негови измени и дополнувања.

(5) Изменување и дополнување не се врши на пречистен текст на закон.

(6) Доколку Уставниот суд на Република Северна Македонија со одлука укине/поништи одреден член, нумерацијата на тој член повеќе нема да се користи (на пр: доколку се укине/поништи член 30, законот ќе се дополни со член 29-а).

(7) Доколку Уставниот суд на Република Северна Македонија со одлука укине/поништи став, точка, потточка или алинеја од одреден член, се прави измена на соодветниот член, односно измена на законот, доколку укинатиот/поништениот член има влијание на останатите членови од законот.

Член 44

(1) Во законот со кој се врши изменување и дополнување, во првиот член се наведува целиот наслов на основниот текст на законот кој се менува или дополнува, во заграда се наведуваат зборовите: „Службен весник на Република Македонија/Република Северна Македонија“ и броевите во кој е објавен, се става запирка и се наведува бројот на членот и помалите структурни единици на членот или нивни составни делови, кој/кои се менува/ат или дополнува/ат и новата содржина на предложената одредба или одредби.

(2) При наведувањето на броевите на „Службен весник на Република Македонија/Република Северна Македонија“ каде се објавени претходните изменувања и дополнувања на законот кој се менува и дополнува, се наведуваат и одлуките на Уставниот суд на Република Северна Македонија, автентичните толкувања и објавените исправки.

(3) Броевите на „Службениот весник на Република Македонија/Република Северна Македонија“ се наведуваат така што најпрво се наведува бројот на „Службениот весник на Република Македонија/Република Северна Македонија“ во кој е објавен основниот текст

на законот, а потоа се наведуваат броевите на службените весници на Република Македонија/Република Северна Македонија во кои се објавени сите измени и/или дополнувања на законот, одлуките на Уставниот суд на Република Северна Македонија, автентичните толкувања и исправки.

(4) Првиот член од законот кој се менува или дополнува може да се однесува и на измена на насловот на законот.

(5) Доколку со законот се врши изменување и дополнување на помалите структурни единици на членот или нивни составни делови, најпрво се определува членот, структурната единица на членот, па се членува единицата, односно делот во кој се прави измента или дополнувањето и на крај се пишува новата содржина на предложената одредба или одредби (на пр: Во член 50 ставот 3 се брише, Во член 50 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:„ (4) ......се наведува содржината на ставот“ или Во член 50 став 3 точката 3) се менува и гласи: „.........се наведува содржината на точката“) .

(6) Пообемни изменувања и/или дополнувања на член и/или став се врши со целосно менување на содржината на постојниот член/или став.

## 2. Изменување на закон

Член 45

(1) Изменувањата можат да се однесуваат на насловот на законот, на насловите на дел, глава, оддел, отсек, на повеќе членови, еден член или на составните делови на членот.

(2) Изменувањето се формулира на начин на кој прво се определува насловот на законот или збор/зборови од законот, членот, ставот, точката, потточката, алинејата каде се прави изменувањето, а потоа се наведува и содржината на предложеното изменување.

(3) Доколку се менува цел наслов или збор/зборови од наслов или цел член, содржината на насловот/членот се става во наводници. Ова правило, се однесува и на изменување на став, точка, потточка или алинеја.

(4) Доколку се брише или менува збор или неколку зборови од членот или од составните делови на членот, се наведува бројот на членот/ставот/точката/потточката/алинејата во кои се врши измената, се одредува местото на збор/зборовите кои се изменуваат, со наведување во наводници на зборот/зборовите кои им претходат и зборот/зборовите што се бришат или изменуваат.

(5) Доколку ставовите не се нумерирани во основниот текст на законот, ставовите не се нумерираат ни кога законот се менува или дополнува.

## 3. Дополнување на закон

Член 46

(1) Дополнување на закон може да се врши со додавање на нов збор/зборови во насловот на законот, во глава и во член, со додавање на нов збор/зборови во членот или во неговите составни делови и со додавање на нов дел или делови, глава или глави, член или членови и/или негови составни делови.

(2) Кога со дополнување на закон се додава нов збор, односно нови зборови во насловот на законот, дополнувањето се врши во првиот член, со кој во наводници се цитираат зборот/зборовите од насловот на законот по кои се додава новиот збор и зборот со кој се дополнува запишан во наводници (на пр: Во насловот на законот по зборовите: „Технолошко-технички факултет,“ се додаваат зборовите: „Ветеринарен факултет“). Правилото соодветно се применува и во членот со кој се врши дополнување на наслов на сите структурни единици на законот и на членот.

(3) Кога со дополнување на закон се додава нов дел, во членот со кој се врши дополнувањето, најпрво се наведува делот по кој треба да се додаде новиот дел, па се наведува членот по кој се врши дополнувањето и со редоследна нумерација се наведува дополнетиот нов дел ( на пр: По ШЕСТИ ДЕЛ, по членот 25 се додава нов дел : „СЕДМИ ДЕЛ“)

(4) Кога со дополнување на закон се додава нова глава, во членот со кој се врши дополнувањето, најпрво се наведува главата по која треба да се додаде новата глава, па се наведува членот по кој се врши дополнувањето со новата глава, по кој редоследно со римски број се нумерира дополнетата нова глава и насловот на главата (на пр: По глава II., по членот 13, се додава нова глава III. Права и обврски).

(5) Кога се додава нова глава меѓу две постојни глави, во членот со кој се врши дополнувањето, најпрво се наведува главата по која треба да се додаде новата глава, па се наведува последниот член од главата по кој се дополнува новата глава, на истиот римски број на постојната глава се става тире („-“) и редоследно се пишува мала буква и насловот на главата (на пр: По глава II., по членот 13 се додава нова глава II-а Права и обврски), со наведување на новите членовите во новата глава II-а. (на пр: со пет нови члена 13-а, 13-б, 13-в, 13-г и 13-д, кои гласат:).

(6) Кога по одреден член се додава нов член или се додаваат неколку нови последователни членови, дополнувањето се врши со еден член, во кој новите членови кои се дополнети се нумерираат со бројот на членот по кој се додаваат, одделени со тире („-“) и редоследно се наведуваат мали букви (на пр: по членот 50 се додава нов член 50-а, кој гласи: „Член 50-а и се наведува содржината на членот“ или по членот 50 се додаваат два нови члена 50-а и 50-б, кои гласат: „Член 50-а и се наведува содржината на членот“ и „Член 50-б и се наведува содржината на членот“).

(7) Кога еден член се дополнува со еден или повеќе ставови се наведува бројот на членот кој се дополнува, ставот по кој се врши дополнувањето, бројот на ставови со кој се дополнува членот, нивната редоследна нумерација и содржината на новите ставови (на пр: Во член 1 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:).

(8) Кога дополнувањето со нови ставови се врши во член во кој по дополнетите ставови има постојни ставови, постојните ставови од членот со нов став се пренумераат во последователни ставови (на пр: Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (4) и (5)).

(9) Дополнувањето на ставовите со нови точки се врши соодветно на начин на кој се врши дополнувањето на законот со нови членови (на пр: по точката 2 се додаваат две нови точки 2-а и 2-б, кои гласат: „точка 2-а и се наведува содржината“, „точка 2-б и се наведува содржината“). Правилото соодветно се применува и за потточките.

(10) Дополнувањето на потточките со нова алинеја се врши со наведување на алинејата по која се додава нова алинеја (на пр: „по втората алинеја се додава нова алинеја која гласи:“). Доколку е потребно дополнување на потточката со повеќе од три алинеи, се менува целата потточката.

**4. Казнени, прекшочни, преодни и завршни одредби**

Член 47

(1) За уредување на казнените, прекршочните, преодните и завршните одредби во законот со кој се врши изменување или дополнување, соодветно се применуваат членовите 17, 18, 19, 20, 21, 22 и 23 од оваа одлука.

(2) Преодните одредби на законот за изменување и дополнување се одредби кои се однесуваат само на тој закон.

(3) Со законот за изменување и дополнување не се врши изменување и дополнување на преодните одредби на законот кој се изменува и дополнува, освен во случај кога се продолжува рокот за усогласување на работењето на субјектите или за продолжување на роковите за донесување на подзаконските акти, доколку роковите не се истечени во моментот на влегувањето во сила на законот.

## VII. ПОДГОТВУВАЊЕ НА АМАНДМАНИ

### Член 48

(1) Предлог за изменување и дополнување на Предлог на закон се поднесува во форма на амандман.

(2) Амандманот содржи:

1. правен основ за поднесување на амандманот (со наведување на соодветниот член од Деловникот на Собранието);
2. насловот на Предлогот на закон на кој се поднесува амандманот;
3. над текстот на секој амандман се запишува зборот: „АМАНДМАН“;
4. текст на амандманот во кој е содржан целиот наслов на Предлогот на законот, одредбата на која се однесува амандманот (член, став, точка, потточка и алинеја) и предложеното решение (бришење, изменување или дополнување);
5. образложение за причините поради кои се поднесува амандманот и
6. потпис од овластениот предлагач/и на амандманот.

(2) Амандманите се подготвуваат на начин на кој се подготвуваат законите, односно нивните изменувања и/или дополнувања, согласно со правилата утврдени во оваа одлука.

(4) Амандманите кои ги поднесуваат работните тела се содржани во извештајот на работното тело и се бележат со римски броеви (на пр: Амандман I, Амандман II). Доколку работното тело поднесе еден амандман, не се става римски број.

## VIII. ИСПРАВКА НА ЗАКОНИ

### Член 49

(1) Исправка се дава на закон, на пречистен текст на закон и на други акти кои ги донесува Собранието.

(2) Доколку по објавување на актите од ставот (1) на овој член во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се утврди дека е направена грешка во текстот и истиот не одговара со изворниот текст, се дава исправка.

(3) Исправка се дава на грешките кои произлегуваат од разликите помеѓу изворниот текст, текстот на актот донесен од Собранието и објавениот текст на актот од ставот (1) на овој член во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(4) Со исправките не може да се отстрануваат и дополнуваат недостатоци во изворниот текст на актите од ставот (1) на овој член.

(5) Надлежното министерството ја подготвува исправката и ја доставува до Законодавно-правната комисија.

(6) Во исправката се наведуваат погрешниот и исправниот текст од актите од ставот (1) на овој член, како и местото датата и името на комисијата која ја дава исправката.

(7) Исправката се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

### Член 50

(1) Исправката во воведниот дел го содржи следниот текст: („По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за...... („Службен весник на Република Македонија/Република Северна Македонија“ бр.___) направена е грешка поради што се дава ИСПРАВКА НА ЗАКОНОТ ЗА....“).

(2) По воведниот дел и насловот се наведува членот/ставот/точката/потточката/алинејата каде се прави исправката (на пр: во членот 3 став (2) наместо зборовите/број „.........“, треба да стојат зборовите/број „........“).

## IX. АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ

Член 51

(1) Автентичното толкување е концизно и недвосмислено толкување на закон или на одредба/и од закон, со кое се разрешуваат нејаснотии или различни толкувања на одредбата/ите од законот во пракса.

(2) Автентичното толкување содржи основ за донесување, наслов (на пр: „Автентично толкување на член ____, став ____ од Законот за ______ и се наведува бројот на Службениот весник, каде е објавен законот) и се цитира одредбата за која се дава автентично толкување. По цитираната одредба се пишува текстот како треба да се толкува одредбата.

(3) Автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## X. ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА ЗАКОНОТ

Член 52

(1) Пречистен текст на закон е збир на важечки одредби на закон кој е повеќе пати изменуван и/или дополнуван.

(2) Пречистениот текст на закон не може да се менува и/или дополнува, ниту да се повикува на неговата содржина.

(3) Пречистениот текст на законот се подготвува доколку се направени пообемни изменувања и дополнувања на основниот текст на законот.

Член 53

(1) Пречистениот текст на законот содржи: воведен дел кој го содржи основот за негово утврдување, комисијата што го утврдува, броевите на службените весници во кој е објавен основниот текст на законот и сите негови изменувања и дополнувања, одлуките на Уставниот суд на Република Северна Македонија, автентичните толкувања и исправки на текстот на законот, наслов на законот со ознака пречистен текст.

(2) Пречистениот текст на законот ги содржи сите елементи на основниот текст на законот (сите делови, глави и членови), ја има истата структура и содржина и во него се вклучени сите изменувања и дополнувања, донесени одлуки на Уставниот суд, како и исправки на текстот на законот.

(3) Во пречистениот текст на законот се вградени сите преодни одредби од сите изменувања и дополнувања на законот. Во пречистениот текст се содржани само завршните одредби во кои е содржан и преоден период.

(4) Во пречистениот текст на законот не може да се менуваат изрази и поими, не се поправаат грешки и не се прават никакви дополнителни корекции од оние кои се веќе направени со изменувањата, дополнувањата и исправките на законот и истиот не влегува во сила.

(5) Со пречистениот текст не се врши пренумерација на членовите.

(6) Доколку членот на законот е избришан, нумерацијата останува и се пишува дека истиот е избришан.

(7) Кога членот е укинат или поништен, нумерацијата останува и се пишува дека истиот е укинат или поништен со Одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија. Ова соодветно се однесува и за ставови, точки, потточки и алинеи.

(8) Пречистениот текст на законот се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 54

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2023 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 – 3794/1
18 јули 2023 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.